# ПРЕДГОВОР

Откога постои училиштето, постои и интересот за него. За училиштето се заинтересирани сите оние кои на еден или на друг начин се поврзани со образованието на децата и младите (ученици, наставници, родители, стопанственици, политичари, научници). Причините најверојатно треба да се бараат во незаменливото значење на училиштето, како за општествениот развој, така и за развојот на поединецот.

Интересот за училиштето го потврдуваат бројни публикации во кои се третираат вечно актуелни теми, како на пример (ре)дефинирање на училиштето и неговите функции, соодветноста, актуелноста и современоста на различни организациско-содржински концепции и нивните импликации во практиката, реформите и нивните успеси/неуспеси, прифатеноста на училиштето од учениците, родителите и средината, позицијата и улогите на воспитно-образовниот кадар и многу други. Во намера да се обидеме да дадеме одговор барем на дел од нив и да им излеземе во пресрет на студентите од педагошките факултети, ја создадовме и оваа книга.

Пишувањето на систематски учебник по предметот *Училишна педагогија* е сложена и одговорна задача, бидејќи таа во себе интегрира три меѓусебно поврзани научни подрачја кои ја покриваат училишната реалност: теорија на училиштето, теорија на наставата и теорија на наставниот план и програма (курикулум). Имајќи го предвид овој факт, но и поддршката од останатите педагошки дисциплини (педагогија, теорија на воспитание, дидактика, методологија на педагошко истражување, специјални методики) кои се изучуваат во рамките на студиската програма на педагошките факултети, Оддел за одделенска настава, се одлучивме да направиме дистинкција меѓу проблемите кои ги третира оваа педагошка дисциплина и содржините кои се избрани да се изучуваат по предметот Училишна педагогија и училишна организација.

Учебникот од содржински аспект е структуриран во неколку тематски целини, логички подредени и избрани во согласност со содржините предвидени во Наставната програма за предметот Училишна педагогија и училишна организација.

Во изборот на темите, освен историскиот пристап е користен и пристапот на современост и актуелност.

Содржините се научно втемелени, а стилот е лесно разбирлив со изразена систематичност и постапност во воведувањето на поими и елаборацијата на определени проблеми.

За суштинските проблеми низ текстот се поместени прашања, со цел процесот на учење да го направат фокусиран.

Во првата тематска целина се елаборирани дилемите поврзани со определувањето на предметот на училишната педагогија, нејзините специфики согласно со општествениот контекст во кој се развива и аргументирано предложени принципи како водилки во понатамошниот развој на оваа педагошка дисциплина.

Втората тематска целина ги обработува современите теории на училиштето (духовно-научна педагогија како теорија на училиштето, структурално-функционална теорија, интеракционистичка теорија, критика на училиштето во 20 век како теорија и идеите за отворено училиште како теорија). Посебно се нагласува нивниот придонес во современите тенденции на развојот на училиштето како воспитно-образовна институција и односите на линија училиште – општество –училиште.

Третата тематска целина вклучува четири поттеми: *училиштето како организација*, *концепција на модерната теорија на организацијата*, *карактеристики*

*на училиштето како организациски систем* и *организациски функции на училиштето и кадровскиот потенцијал*. Тука е направен обид потребните сознанија од теоријата на организацијата да се аплицираат на ниво на училишна организација. Училиштето се проучува од организациски аспект. Од поимите организација, процес, институција, процесни резултати, систематично се преоѓа кон објаснување на поимите системски пристап на проучување, проектен пристап и контингенциски пристап. Направена е анализа на функциите на училиштето и се образложени улогите на наставникот, стручните соработници и директорот во остварувањето на истите.

Четвртата тематска целина ги обработува организациските карактеристики на македонското основно училиште. Користејќи ја законската и подзаконската легислатива, една широко прифатена дефиниција за организација, како и други државни документи, ја аплицирав на организацијата на македонското основно училиште преку давање на одговори на прашањата: Што се подразбира под поимот контрола и зошто е потребна контролата? Кој ја врши контролата врз работата на основните училишта во Р. Македонија? Кои се надлежностите на државните и локалните институции во контролата на работата на основните училиште во Р. Македонија? Кои се работните задачи на извршителите на воспитно-образовната работа во основното училиште во Р. Македонија? Што се подразбира под поединечни улоги? Кои се формалните групи и кои се нивните основни задачи? Кои се проектираните цели и принципи на основното образование во Р. Македонија? Кои се карактеристиките на државните наставни планови и програми според кои работат основните училишта во Р. Македонија?

Во петтата тематска целина – *содржини и организација на воспитно-образовната дејност во основното училиште во Р. Македонија* се елаборирани утврдените цели и принципи на основното деветгодишно образование во Р. Македонија, како и структурата на воспитно-образовната работа предвидена со државните наставни планови и програми (настава и вонннаставни активности).

Шестата тематска целина ги третира прашањата поврзани со улогата на наставникот во планирањето на работата на училиштето и училишниот развој. Во тој контекст се образложени фазите во процесот на развојно планирање и структурните елементи на развојните планови како училишни документи.

Со оглед на тоа што низ текстот постојано провејува идејата за значењето на тимската работа во училиштето, во седмата тематска целина се поместени карактеристиките на тимското работење во училиштен контекст и ефектите од него, како и лидерската позиција на наставникот.

Училишната култура и нејзиното значење за успешноста на училиштето е проблем кој во последните дваесетина години го предизвикува интересот на научниците и на практичарите. Во последната тематска целина авторот ги обработува основните поими поврзани со ова прашање и ги аргументира причинско-последичните односи меѓу училишната култура и успешноста/квалитетот на училиштето.

И покрај намерата избраните проблеми да бидат што поцелосно обработени, учебникот нема претензија на сеопфатност.

Изборот на темите делумно е направен и врз основа на коментарите и сугестиите на студентите, наставниците и директорите во основните училишта и за тој придонес им се заблагодарувам.

Со должна почит за укажаната стручна и научна поддршка, им се заблагодарувам на рецензентите проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева и доц. д-р Снежана Јованова-Митковска.

**Авторот**